# АДИНГФАВОРИТ

*Акрилатен завршен систем за изведба на спортски подлоги на асфалтни или бетонски површини*

## Област на примена:

Адингфаворит е висококвалитетен завршен акрилен систем, идеален за изведба на надворешни или внатрешни спортски терени за рекреативни намени како тенис, одбојка, мал фудбал, кошарка и.т.н. Се користи и како декоративен завршен слој за пешачки и велосипедски патеки, плоштади, тераси и сл. Трајните бои му даваат дополнителна вредност на објектот, нагласувајќи ги обработените површини како елемент од архитектонскиот дизајн.

## Својства:

- Одлична атхезија особено на асфалтна подлога;
- Отпорност на абразија и УВ зрачење;
- Не содржи расторувачи и е нетоксичен;
- Водонепропусен;
- Декоративен - изработка во различни бои и нијанси;
- Монолитен под без фуги;
- Економичен и едноставен за изведба;
- Лесен за одржување;

## Технички карактеристики:

**АДИНГФАВОРИТ подлога:**

| | |
|---|---|
| Изглед: | бела течност |
| Волуменска маса: | 1,0 - 1,05 гр/см$^3$ |
| Сува материја: | 24±1% |

**АДИНГФАВОРИТ глет:**

| | | |
|---|---|---|
| Изглед: | А комп. | црна паста |
| | Б комп. | полнило |
| Волуменска маса: | А комп. | 1,0 - 1,10 гр/см$^3$ |
| Сува материја: | | 33±3% |

**АДИНГФАВОРИТ боен:**

| | | |
|---|---|---|
| Изглед: | А комп. | обоена паста |
| | Б комп. | сивкаста паста |
| Волуменска маса: | А комп. | 1,45 - 1,55 гр/см$^3$ |
| Волуменска маса: | Б комп. | 1,75 - 1,85 гр/см$^3$ |
| Сува материја: | А комп. | 70±5% |
| Сува материја: | Б комп. | 86±3% |
| Ph: | А и Б комп. | 8-9 |

## Конструкција на подлога:

**АДИНГФАВОРИТ** е наменет за вградување на асфалти и бетонски подлоги. Асфалтната подлога се препорачува како далеку поповолна од бетонската. Како основни причини за тоа се што, со нејзе се добива: големи површини без дилатациони и работни спојници, подобро следење на деформациите од температурните разлики и слегањето на подтлото во текот на експлоатација, попрецизна изведба на наклони, водонепропусност на материјалот и далеку пониска цена на чинење на изведба од армирано бетонските подлоги. Површината на која се нанесува **АДИНГФАВОРИТ** треба да е со соодветни наклони, со пад од мин.0.5% и соодветно одводнување- каналирање на атмосферската вода. Кога подлогата е наменета за изведба на спортски терен, потребно е да се внимава на правецот на падот заради запазување на одредени норми за соодветниот спорт. Дозволени одстапувања на површинската рамност е 2мм/2м.
Дебелината на подлогата треба да е соодветно димензионирана и без појава на пукнатини на површината.
**Асфалт:** потребно е асфалтната подлога да биде со старост од минимум 14 дена.
**Бетон:** Бетонската подлога треба да е со старост од минимум 28 дена, обезбедена од негативен продор на влага односно да е хидроизолирана и со поставена парна брана под конструкцијата а завршната обработка треба да биде со дрвена глетарка или четка. Никако не смее завршната обработка да биде обработена со челични глетарки (хелихоптерки), а несмее да се користат заштитни препарати за нега на свежиот бетон (curing agents).

## Вградување:

Пред отпочнување со нанесување на системот **АДИНГФАВОРИТ** потребно е да се обезбедат следните услови:

- подлогата треба да се обеспраши и обезмасти
- да нема најава за дожд или силен ветер во наредните 24 часа.
- Надворешната температурата треба да е +15ºC и да е со тенденција на пораст
- Да не се нанесува доколку температурата на подлогата е ≥60ºC.
- Материјалот кој треба да се користи, да се чува заштитен од смрзнување и да не е изложен на "јако" сонце.

Доколку се јавуваат локални депресии на површината (стои вода), потребно е овие површини да се порамнат. Порамнувањето се врши со смеса припремена со:

ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ

- Врска- У 1 кг.
- Цемент 1 кг.
- Сув кварцен песок (0,5μ - 0,8μ) 3 кг.

Пред да се изврши порамнувањето на депресиите, за да се обезбеди добра споивост на порамнителната смеса, површината на депресиите се премачкува со раствор припремен од 1 дел Врска-У и 2 дела вода. Овој раствор се остава да исуши пред да се нанесе порамнителната смеса.
Откако ќе се извршат сите претходни подготовки, се започнува со изведба на системот АДИНГ-ФАВОРИТ.

**АДИНГФАВОРИТ подлога**
Нанесувањето на **АДИНГФАВОРИТ подлога** е со четка или ваљак. Се нанесува во еден слој, а во зависност од температурните услови и порозноста на подлогата може да се разреди со вода до 10%.

**АДИНГФАВОРИТ глет**
Во период од 1-2ч. по нанесувањето на подлогата, се нанесува **АДИНГФАВОРИТ глет**. Материјалот се подготвува со припрема на следната мешавина:
АДИНГФАВОРИТ глет (А компонента) 3 2 литри
АДИНГФАВОРИТ глет (Б компонента) 4 8 литри
Вода (во зависност од температурата) 1,5 - 2,0 литри

Смесата се меша со машински мешач (300-400 врт/мин) до потполно хомогенизирање. Така припремената смеса се разлева и разнесува во слој со еднаква дебелина со помош на гумена глетарка.

**АДИНГФАВОРИТ боен**
По целосно втрднување на **АДИНГФАВОРИТ глетот** (24 часа) и отстранување (израмнување) на евентуалните нерамнини, се нанесува завршниот слој од **АДИНГФАВОРИТ боен** во два до три слоја. Материјалот се подготвува со припрема на следната мешавина:
АДИНГФАВОРИТ боен (А компонента) 2 0 литри
АДИНГФАВОРИТ боен (Б компонента) 4 0 литри
Вода 1 литар

Смесата се меша со машински мешач (300-400 врт/мин) до потполно хомогенизирање и воедначување на бојата. Така припремената смеса се разлева и разнесува во слој со еднаква дебелина со помош на гумена глетарка. Секој нареден слој се нанесува на претходно исушен слој.

| | | |
|---|---|---|
| Време на сушење: | | 30 мин. до 1 час |
| Можност за експлоатација: | | по 24 часа |
| Потрошувачка: | 1 слој | 0,40 – 0,45 кг/м$^2$ |
| | 2 слој | 0,30 – 0,40 кг/м$^2$ |
| | 3 слој | 0,20 – 0,30 кг/м$^2$ |

Доколку е потребно обележувањето на добиениот под, тоа се изведува со боја на база на акрилни смоли АДИНГМАРКЕР.

## Одржување:

Долговечноста на подот зависи од неговото правилно одржување. Адингфаворит подовите најдобро е да се чистат машински со ротациони меки четки со благ раствор на детергенти во вода со температура до 50$^0$С. Доколку се јават местимични механички оштетувања, во одредени временски периоди потребно е локално да се санираат за да не дојде до нивно проширување.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| Адингфаворит - прајмер: | 0,30 - 0,35 кг/м$^2$ |
| Адингфаворит - глет: | 0,80 - 2,00 кг/м$^2$ |
| Адингфаворит - боен: | 1,00 - 1,20 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба. Во текот на вградувањето потребно е повремено чистење на глетарките од засушениот материјал.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Адингфаворит подлога | во пластични канти од 10 кг. |
| Адингфаворит глет | во сет од 56 кг. |
| Адингфаворит боен | во сетови од 33 кг. и 66 кг. |

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од 5$^0$С до 35$^0$С и заштитен од директни сончеви зраци. Рок на употреба е 9 месеци.

## Стандардни бои:

Се изработува во зелена и црвена боја, но на барање можна е изработка и во други бои.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@t-home.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk